УДК 821.163.3-1.09

Катица Ќулавкова

Македонска академија на науките и уметностите
kulavkova@manu.edu.mk

# МАКЕДОНСКИОТ КЛАСИК АЦО ШОПОВ

Поезијата на Ацо Шопов (1923–1982) е несомнена вредност во македонската книжевност, а поетот Ацо Шопов е *македонски класик*, еден од најзначајните македонски поети на 20 век. Кај Ацо Шопов, дури и во најраната фаза од неговото творештво, е видлив силниот индивидуален печат кој им се спротивставува на владејачките стилски и тематски конвенции и ги поставува темелите на македонската Модерна (анти-традиционалистичка и анти-социјална поетика).

1. Во **раната поезија** на Шопов се проектираат клучните поетички интереси и пресврти карактеристични за севкупната македонска поезија. Но, уште во раната поезија на Шопов пробива еден високо чувствителен и *личен јазичен допир со светот*. Во тој допир со светот, творештво на Шопов подоцна искусува неколку поетички канони: канонот на футуризмот и на експресионизмот; канонот на усната поетика кој е толку вкоренет во јазичната и културната традиција; неконформистичката смеса од различните канони; автентичен симболизам и херметизам, фасцинантен лудизам.

2. Во **педесетите години** поетот Шопов се сретнува со уметноста на езерото, со архетипот на Водата, со Богот на јазикот. Доаѓа времето на шифрираниот говор, со сфингата на поезијата. Животот и смртта, биднината и небиднината стануваат една препознатлива тематика која го формира клучниот поетски топос на Шопов - сенката на смртта, раѓањето сфатено како умирање, а животот како соочување со неповратното. Овој, навидум општ филозофски топос, Шопов го преточува во конкретни поетски визуелизации. Песната станува дом на *маката и на радоста*, поетска метатеза на амбивалентното чувствување на домот (јазикот, татковината). Стихот станува парабола на постоењето. Шопов брзо го преминува *прагот на интимната лирика*, откривајќи го феноменот на убавото во нијансите: на телото, на природата, на јазикот и на духот. Ја открива тишината како единство

на емотивното, сетилното и естетското. Тој ја крепи и ја опева својата меланхолија, дури и во мигови на врховно просветлување и радост. Катренот „Во тишина", најдобро го покажува тоа. Кон него се придружува цел циклус песни посветени на убавината.

3. Следи фазата на откривањето на **етичката димензија на човекот** и дополнувањето на сликата на убавината со копнежот по Добрината и по Пријателот (1957). Интимната конфесија е обележана со поимањето на хуманоста, со етички концепти. *Врелото сеќавање* на поетот е во потрага по пристан, по брег на којшто времето запира во облик на *арабеска*. Во оваа поетичка транзиција, песната се идентификува со *Небото на тишината*. Тишината и говорот се две лица на една иста медаља. Песната станува помалку конфесионална а повеќе разговорна, се создава една драмско-поетска дијалогичност меѓу поетскиот субјект и еден друг, имагинарен субјект на којшто му се обраќа поетот. Се создава илузија дека песната повеќе не е интимна, уште помалку автобиографична. Станува сé појасна автопоетичката перцепција и начинот на којшто се остварува исповедно-интимниот исказ: кога е директен, тој е патетичен и непоетичен, кога е индиректен и посредуван со слики и со други поетски конструктивни постапки, тој е симболичен и поетизиран.

4. Токму во рамки на **поетиката на лирскиот интимизам, конфесионализам и субјективизам**, се оформува претставата за модернистичката поезија и за македонската Модерна. Кодот на лирската Модерна профилиран од Ацо Шопов, е втемелен врз начелото на молитвеноста сфатена како варијанта на една архетипска лирска химничност. Модерната не претставува радикален прекин со интимистичкиот и конфесионалниот лиризам. Шопов ја профилира македонската Модерна со молитвениот дискурс кој оди во спрега со поливалентните слики на раѓањето и на смртта, на јазикот и на човекот, на жената и на мажот. На местото на *небото на тишината*, овој пат стапнува дијаболичниот *меч на тишината*. Во овој период Шопов го создава поетското ремек дело „Раѓање на зборот", манифест на македонскиот неосимболизам и супрематизам. Тој се движи по рабовите на обредната, магичната реч на песната изречена како молитва, а доживеана како ритуална парабола на раѓањето и на умирањето.

5. Во поезијата на Шопов се отелотворува оностраната врска меѓу крвта и песната, меѓу поривот и речта. Овој концепт на поетски дискурс, препознаен како модернистички, ја универзализира топиката на поезијата на Шопов, правејќи ја – конечно – енигматична. Македонската Модерна, видена низ призмата на Шопов, **практикува херметичен дискурс** кој обзема и шокира, состојба која трае сè додека

не се најде пристап до него, сé додека не се открие клучот на неговото толкување.

Се работи за специфичен модел на **модернистички протеизам**. Тој спаѓа меѓу најголемите предизвици на книжевната херменевтика, затоа што се темели врз начелото на радикализација на ентропичноста, до една крајна точка од којашто се наѕира отсуството на знакот. Токму таквата Модерна ги проектира, една во друга, крвта и смислата на постоењето, го проектира познатото во непознатото, зачетокот во крајот. Македонската модерна потпишана од Шопов ги гледа раѓањето и смртта како примордијални двојници, како актуализација на универзалниот архетип во македонската реч, во просторот на македонскиот јазик, во времето во коешто тој јазик имаше слобода и право да крикне до кај што го носи грлото. На тој пат, Шопов се сретнува со вечноста: една димензија на времето по којашто трага секој Поет.

Врв на македонската Модерна е *Гледач во пепелта* (1970) и циклусите *Долго доаѓање на огнот* и *Црно сонце*. Во оваа збирка поетиката е свесна, постои автопоетичка димензија на пеењето, постои свест за поетскиот дијалог со универзалните топоси, седно дали и колку тие се преземени од други автори и традиции (Виктор Иго, окултните традиции). Огнот и сонцето, земјата, ветерот, водата (езерото, океанот). Четирите елементи на создавањето и на постоењето на универзумот - огнот, водата, земјата и воздухот - колку едноставно навидум, а колку тешко се стигнува до нивното поетско обликување! Шопов тргнува од елементарното и се враќа кон елементарното, само овој пат со повисока свест, со завет оставен за својот народ и за својот јазик. Неговиот свет добива име - Македонија. Шопов успева да ги ВКРСТИ сликите на универзумот со сликите на Македонија и во нив да се огледа себеси.

6. По овој мeѓник во еволуцијата на современата македонска поезија, Шопов можеше да здивне и повторно да му се врати на благиот, **контемплативниот и интимно интонираниот** говор на восхит и на препознавање на сличностите во светот/јазикот. Во оваа фаза Шопов им се препушта на импулсите на доживувањата на непознатиот свет, на светот на Црна **Африка, на Црната Жена, на музиката на баобабот,** на сезоните на ивернажот, на раскошот на фламбоајаните, и во нив да го излие стекнатото искуство, мудроста на зрелата личност, вдоменоста во светот како поет. Оваа тенденција ја заокружува неговата поетска авантура, неговото патешествие по патеките на имагинарното, на мечтите и на поривите, на претчувствата и на обредните созвучја и ритми. Не случајно Шопов се препознава себеси во ритмите на африканската музика, што иницијално ги насетуваме во ритми-

те на неговите двостишја од *Долгото доаѓање на огнот*, на пример. Во ова препознавање на сличностите се насетува и препознавањето на разликите меѓу Африка и Македонија. Сличностите и разликите постојат меѓу световите, но на различни рамништа.

7. Пред неговиот крај, поезијата на Шопов се стишува, семантички и стилски, во неговата последна збирка *Дрво на ридот* (1980). Шопов се доближува до крајот. **Неговата поезија станува меланхолична**, а Тој – самотен при средбата со Вишниот. Во таква состојба на духот, нему му се враќаат, за миг, сите значајни теми - темата на огнот, телото, светлината, родното тло („Шара“, „Дрво на ридот“), ветрот и езерото, убавината, жената.

Во својата последна песна, Шопов вели во облик на мудра максима: „Македонија е судбина на светот, светот е судбина на Македонија“ („Патување во родниот крај – средба со светот“). Немам аргументи, а ни желба да тврдам дека тој знаел што ќе се случи со неговата љубена Македонија само дваесетина години по неговата смрт. Но, верувам дека претчувствувал. Впрочем, во една од своите последни песни, тој навестува загриженост во една слика на Македонија, чиешто значење не е тешко да го преведеме: „Разнишана од бури и породилна агонија / галијата плови низ бурите, ту исчезнува меѓу брановите / ту изронува од нив / со име Македонија.“ („Езеро на животот“).

***

Најдобрата поезија на Ацо Шопов е создадена во времето кога македонската култура доживува своја творечка ренесанса. Ацо Шопов се има „зближено со своето време“ токму преку поетската реч. Неговата поезија е средба со времето, и она време што поетот го препознава како Свое, и она време кое Него го доживува како Свој поет. Во оваа насока треба да се одгатне смислата на неговиот исказ, соопштен во разговорот со ќерка му, Јасмина Шопова: „Таа потрага по зборот е потреба на поетот да се зближи со своето време. Оттука искрснуваат сите тешкотии и сите убавини на поетското творење“ (2003, 125). Ацо Шопов се има зближено со своето време толку многу, што на идните генерации ќе им биде тешко да го одгатнат тоа време без големите метафори на македонската Модерна наследени од него: метафорите на раѓањето на зборот, на црното сонце и на небиднината. Македонската поезија ја има задолжено светската култура со неколку поети, меѓу коишто Ацо Шопов е еден од најзначајните, а неговата збирка *Гледач во пепелта* е врв на македонската Модерна.

Katica Kulavkova

MACEDONIAN CLASSIC ACO ŠOPOV

Summary

Aco Šopov is one of the most important Macedonian poets of the 20th century. His poetry stands out for its stylistic, thematic and semantic characteristics from the poetry of his generation (Slavko Janevski, Blaže Koneski). It does not fit into the ruling canon of the Macedonian Modern, yet it builds on it. Šopov's earliest poetry (1944-1952) is inseparable from the oeuvre of his generation and is representative of the canon of revolutionary and social poetics dominated by the collective world view. From the fifties to the seventies, Šopov's individualism came to the fore, that is, his personal linguistic contact with the world. That *intimate contact with the language of the world and with the world of language* goes through several stages: confessional, symbolic, ritual, esoteric and hermetic. Šopov's modernism was applied authentically in the collection *Spectator in the Ashes* (1970).

*Keywords*: Macedonian classic, personal linguistic contact with the world, modernism, development phases, Aco Šopov.